**Наш број:** 08-936
30-01-2024
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на Град Скопје донесе

# ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.02/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Советник за нормативни работи, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за норматива, Сектор за правни, се избира кандидатот Билјана Треневска.
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

На ден 12.01.2024 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.02/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Градоначалникот на Град Скопје бр.08-166/4 од 26.01.2024 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Советник за нормативни работи, шифра УПР0101В01000, на ниво В1,, Одделение за норматива, Сектор за правни работи, предложи да се избере кандидатот Билјана Треневска.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**